дипл. инж. архитект Косто Граоркоски
Света Петка заштитничка на Галичник

Издавач
Здружение КАМ Галичник

За издавачот
Митре Ажиески

Рецензенти
дипл. инж. архитект Виолета Џуровска
Стојче Дојчиновски - Росоклија

Лектор
Хајда Николова

Јазична редакција
Биљана Стајковска

Компјутерска обработка
Владимир Граоркоски

Печати
Економикс Плус Скопје

тираж 300 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Свети Климент Охридски", Скопје

745.511.035(497.7)
75.052.035(497.7)
726.54(497.761)

ГРАОРКОСКИ, Косто
Света Петка заштитничка на Галичник/ Косто Граоркоски. – Скопје:
Здружение за културна афирмација на Мијаците – КАМ, 2009. – 140 стр.
: илустр. 78; 24 цм

За авторот: стр. 120 – Библиографија: стр. 122

ISBN 978–9989-2601-5-5

а) Фрески – Икони – Резба – Света Петка, црква – Македонија б)
Архитектура, црковна – Св. Петка, црква - Галичник
COBISS.MK-ID 78966282

дипл. инг. арх. косто Граоркоски

СВЕТА ПЕТКА
ЗАШТИТНИЧКА НА
ГАЛИЧНИК

КАМ- ГАЛИЧНИК

Публикацијава ја посветувам на сите кои пред 200 години го изградија духовното светилиште Света Петка во Галичник и оние кои ја чуваа, одржуваа и ја возобновија првата Парохиска црква во мијачијата.

Посебно оваа публикација ја посветувам на мојот најдраг сосед Митре Ѓозински кој несебично и најдоследно се грижеше за црквата, како и на мојата мајка Илина која за целиот свој живот помагаше за опстојот на овој свет храм како голем верник, наоѓајќи секогаш време да го посетува храмот и да наоѓа во него свој духовен мир и спокој.

Благодарност за сите галичани

од рецензиите за книгата

Кога длабочината на нештата се чувствува силно, рецензија тешко се пишува со зборови

Стара црков.

Име врежано во спомените уште од детството.

Визуелно, мала црква во долно маало во Галичник, припитомено - органски вткаена во околината, налик на мајчинска прегратка на новороденче.

И како што милно Богородица го прима Исуса на фреските, со едно спирално движење на раката, Стара црков ве впива во своите пазуви.

За оние кои не ја посетиле, Стара црков е Света Петка во Галичник. За сите кои ја почувствувале нејзината заштитничка закрила, таа е светост која духовното го става над материјалното, така што малото станува огромно бесконечно божје пространство.

Просторот е еден. Една голема вистина ме научи професорот - големиот ликовен уметник Владимир Георгиевски - просторот нема граници. Линијата не постои - рече, таа е само премин од една во друга материја... Ни говореше за линијата во сликарството на предавање за ликовна уметност. На испит по пластично обликување прашуваше дали чувствуваме музика во одредени ликовни дела.

Големината на нештата не се состои во нивните димензии. Таа се содржи во длабочината на мислата, во моќта на вербата.

По читањето на книгава „Св. Петка заштитничка на Галичник" од Косто Граоркоски, експлозијата од страсти ја

менува перцепцијата. Фактографските белешки се импресивни, но најважна од сè е енергијата која истовремено ги обединува просторот и времето и за миг, виртуелно ја разбираме Ајнштајновата теорија на релативитетот. Заедно сме сите ние, на еден простор во исто време, Св. Петка и сите наши предци, пријатели и оние кои допрва ќе дојдат.

Сега разбирате, оваа емоционална исповед е сведоштво дека умееме да почувствуваме дека сите сме едно: и јас и ти, и мојот и твојот прадедо, дедо, татко, син, прабаба, баба, мајка, ќерка, дете, ѕидарот, клесарот, фрескописецот, копаничарот, донаторот, свештеникот и сите свети личности.

Само љубовта е толку голема за да ја долови бесконечноста на божјото царство, кое може да се препознае во една дури и најмала икона, фреска, резба или камен шкрилец. На тој начин исполнетоста метафизички е најпотполна, а видливо нема ништо.

Дозволи зборот на Косто Граоркоски уметнички, искрено да го допре твоето срце, препушти му се на времепловот и согледај ја црквата низ очите на твоите предци, ѕирни и во иднината, дозволи благодарност, почит, среќа, радост, па дури и солза да ја обземе твојата душа, внеси и најмал гест на идентификација на заедништво и тогаш ќе ја сфатиш состојбата кога се вели дека нема градација на мали и големи цркви, се додека постои бесконечноста на вербата во твојата душа.

архитект Виолета Џуровска

...Оваа извонердна и драгоцена книга од авторот, архитект Косто Граоркоски пишувана е со многу љубов и почит кон црквата Света Петка во Галичник и претставува своевидна историја од нејзината изградба до денес.

Ракописот донесува нови согледувања, податоци, сознанија и толкувања за значајниот духовен и просветен центар за Галичник и пошироко, во кој се родиле и се здобиле со писменост и образование видни личности кои дале непроценлив придонес во преродбенските процеси на македонскиот народ како што се резбарите, иконописците, фолклористите и преродбениците Партениј Зографски, Ѓорѓија Пулевски, Крсте и Панајот Гиноски и други.

Се работи за сериозно дело што треба да се чита со задоволство од многу побуди и аманети кои ни ги оставиле нашите предци...

Стојче Дојчиноски Росоклија